# ЦЕЛИ НА РЕВИЗИЈАТА

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде придонес, оценка на откриените ризици и можности за подобрување на реализација на програмите за спроведување на процесот на децентрализација и развој на локалната самоуправа во РМ, односно кон остварување на среднорочните цели на Владата на РМ преку реализација на осмислени мерки да се поттикне сеопфатниот и оддржливиот локален развој, како основен предуслов за создавање на економски посилни, развојно ориентирани и инклузивни единици на локалната самоуправа. Исто така, ревизијата на успешност има за цел да ги насочи надлежните субјекти кон понатамошното преземање на активности во областа предмет на ревизија. Од прелиминарните истражувања кои ги извршивме произлегоа повеќе подрачја кои покажаа претпоставени или докажани ризици кои беа основа за вршење на ревизијата на успешност. Нашата ревизија ја насочивме кон следните ризични подрачја и прашања поврзани со областа:

- мониторинг на реализација на Програмата за децентрализација 2011-2014 година и координација помеѓу институциите надлежни за спроведување на Програмата за децентрализација 2011-2014 година и нејзините слабости;
- приходи од дотација од ДДВ по општини и примена на критериумите за распределба предвидени во уредбите; блок дотации и наменски дотации за ЈУ за детска заштита, социјална заштита, култура, образование и ТППЕ;
- отуѓување и давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на РМ по пат на јавно наддавање како надлежност и начинот и постапката за спроведување на надлежноста од страна на општините и
- надзор над спроведување на надлежност отуѓување на градежно земјиште во сопственост на РМ со оценка за доволноста на надзорот за активностите на општините кои произлегуваат од пренесената надлежност за оттуѓување на градежно земјиште во сопственост на РМ.

Произлезените ризици од прелиминарните истражувања заради подобро следење ги организиравме и подредивме по неколку подрачја/области за ревизија и тоа:

1. Мониторинг на реализација на Програмата за децентрализација 2011-2014 година и координација помеѓу институциите;
2. Приходи - дотација од ДДВ по општини;
3. Блок дотации и наменски дотации– детска заштита, социјална заштита, култура, образование и ТППЕ ;
4. Отуѓување и давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на РМ по пат на јавно наддавање и
5. Надзор над спроведувањето на надлежноста на отуѓување на градежното земјиште во сопственост на РМ.

Одговорите на сите ревизорски прашања и утврдувањето на причините за утврдените ризици упатуваат на одговорот на целта:

**Дали програмата за децентрализација се спроведува ефективно во делот на финансирање на ЕЛС и тоа преку дотациите од ДДВ, блок дотациите како и дали пренесената надлежност за вршење на работите за располагање со градежното земјиште во сопственост на РМ општините ја вршат ефикасно?**

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде оценка за спроведувањето и координацијата на институциите надлежни за спроведување на истата, ДДВ, блок дотациите и нивната распределба, подготвеност на општините за преземање на надлежноста за отуѓување на градежно земјиште во сопственост на РМ, начинот на кој се спроведува надзорот и контролата од страна на надлежните институции и условите, следење на реализација на програмата и други отворени прашања за кои се искажани состојбите во поглавјата Основни податоци и Ревизорски наоди од овој извештај.

Периодот кој го опфативме со нашата ревизија за прашања кои се однесуваа на ризичните подрачја како и други прашања поврзани со поставената цел на ревизијата на успешност е дефиниран 2012 - 2014 година.

Ревизијата на успешност која ја спроведе ревизорска екипа од Државниот завод за ревизија е извршена активност, планирана и спроведена согласно Годишната програма за работа на ДЗР за 2014 година.

Исто така, ревизијата на успешност е вршена со цел објективно презентирање на состојбите кај активностите преземени од страна на сите релевантни институции за посочената област како и други аспекти од нивното работење. Со оваа ревизија на успешност е опфатена област која до сега не била предмет на ревизија на успешност. Државниот завод за ревизија кај дел од надлежните институции во изминатите години и тековно вршел ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за кои се издадени соодветни извештаи. Избраната цел на ревизијата претставува предмет на интерес од повеќе аспекти и за повеќе целни групи.

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 - Опфат и методологија од овој извештај.